Согласно член 27 став 2 точка 6 од Статутот на Националната Установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија, Управниот одбор на седница 16 – та седница на ден 10.06.2025 година го донесе следниот:

**Правилник за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 02-396/2
10.06 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат правата и обврските на вработените во НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Оркестар за џез музика) на Националната Установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија - Скопје за стручно усовршување, дообразување и специјализација, формите, динамиката и условите под кои тие можат да се реализираат.

**Член 2**

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија е во функција на создавање услови за поуспешно и поквалитетно извршување на работите и работните задачи кои спаѓаат во делокругот на надлежности на институцијата, како и одржување, односно унапредување на способноста на работникот за работа на работното место на кое е распореден.

## ФОРМИ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**Член 3**

Стручното усовршување, дообразување и специјализација се остваруваат преку следните форми:

- Стручен испит;
- Последипломски студии;
- Докторски студии; и
- Други форми на усовршување и специјализација.

**Член 4**

(1) Втор циклус на студии (постдипломски студии, односно магистер, мастер)
(2) Трет циклус на студии (докторски студии) за:
- Свирење на инструмент (Инструменти кои се составен дел на оркестарот за џез музика на РСМ) труба, тромбон, саксофон, пијано, гитара, контрабас, тапани/ударни инструменти, џез композиција и аранжирање.

(2) Последипломските студии и докторските студии потребно е да обработуваат и да истражуваат теми од областа на:

- од областа на правото, економијата, комуникологијата, новинарството и јавното мислење;

- Менаџментот, односите со јавност, информатиката и др. кои ќе придонесат за зголемување на перформансите и успешноста на институцијата во целост; и

- Други области што се од значење за остварување на целите, визијата, мисијата и задачите на институцијата.

**Член 5**

Други форми на усовршување и специјализација се: семинари, работилници, конференции, симпозиуми, конгреси, советувања и други видови на стручна обука. Вработените воОркестарот за џез музика имаат право, но и обврска, преку другите форми на стручно усовршување и специјализација, наведени во ставот 1 на овој член, континуирано да вложуваат во своето знаење во зависност од карактеристиките и специфичностите на своето работно место, со што ќе обезбедат сопствен развој, како и развој на институцијата во целина.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

**Член 6**

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Оркестарот за џез музика нс РСМ се финансира од средства предвидени за таа намена во финанскиот план на Имституцијата.

**Член 7**

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Оркестарот за џез музика нс РСМ може да се финансира и делумно од средствата кои ќе му се одобрат на работникот од страна на Оркестарот за џез музика нс РСМ и делумно од други извори и средства (лични средства, средства од спонзорство, донации и слично).

**УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ОДОБРУВААТ СРЕДСТВА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

**Член 8**

Средствата за стручно усовршување, дообразување и специјализација, преку формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација, наведени во член 3 од овој Правилник, се одобруваат од страна на Управниот одбор, врз основа на барање поднесено од вработениот во Оркестарот за џез музика нс РСМ до директорот.

**Член 9**

За да може УО на Оркестарот за џез музика нс РСМ позитивно да одговори на поднесеното барање, од членот 8 на овој Правилник, потребно е вработениот да ги исполнува следните услови:
- Да е во редовен работен однос во Оркестарот за џез музика нс РСМ најмалку две години; и

- Да обавува работи на работното место за кое е потребно перманентно стручно и/или научно усовршување и дообразување, следење на тековните процеси во областа заради здобивање со

специјални стручни и продлабочени знаења потребни за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи.

**Член 10**

За стручно усовршување, дообразување и специјализација преку другите форми на стручно усовршување и специјализација, наведени во членот 5 на овој Правилник, одлучува директорот по своја иницијатива или врз основа на барање од раковителот на организациона единица, односно барање од работникот.

**ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

**Член 11**

Барањето за одобрување средства за стручно усовршување, дообразување и специјализација, преку формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација наведени во членот 3 став 1, 2 и 3 на овој Правилник (стручен испит, после дипломски студии и докторски студии) се поднесува до директорот, кој барањето заедно со предлогот го доставува на одобрување до УО, на една од неговите редовни седници. При разгледувањето на барањето за одобрување на средствата за стручно усовршување, дообразување и специјализација, предност ќе имаат барањата за кои делумно се обезбедени средства од страна на вработениот во Оркестарот за џез музика нс РСМ согласно член 7 од овој Правилник. Доколку УО го прифати предлогот од директорот и го одобри барањето за одобрување на средства, директоотр ќе донесе одлука за одобрување средства за усовршување, дообразување и специјализација.

**Член 12**

Правата и обврските во врска со одобрените средства за усовршување, дообразување и специјализација, наведени во член 3 став 1, 2 и 3 на овој Правилник, поблиску ќе се уредат со договор кој ќе се склучи меѓу Оркестарот за џез музика и вработениот – подносител на барањето.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРКЕСТАРОТ ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РСМ ВО ВРСКА ОДОБРЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

**Член 13**

Вработениот на кој ќе му се одобрат и исплатат средства за формата на стручно усовршување, дообразување и специјализација наведени во член 3 став 1 на овој Правилник е должен:

- Да го положи соодветниот испит во рок од една година од денот на поднесувањето на првата пријава за полагање;

- Да остане во работен однос во Оркестарот за џез музика најмалку три години од денот на положувањето на испитот; и

- Доколку го раскине работниот однос пред истекот на рокот предвиден во алинеја 2 на овој член или не го положи испитот во соодветниот рок, е должен да го врати на Оркестарот за џез музика одобрениот и исплатен износ со законската камата согласно позитивните законски

прописи, сметано од наредниот ден од последниот ден во кој истекува рокот за полагање на испитот.

**Член 14**

Вработениот на кој Управниот одбор на Институтотрот за џез музика ќе му одобри и исплати средства за формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација во член 3 ставовите 2 и 3 на овој Правилник, е должен:

- Во рок од четири години да ги заврши последипломските (магистерски) студии односно во рок од шест години да ги заврши докторските студии;

- Во случај да не ги заврши последипломските односно докторските студии во рокот пропишан во алинеја 1 став 1 на овој член, да го врати на Оркестарот за џез музика одобрениот и исплатен износ со законската камата согласно позитивните законски прописи, сметано од наредниот ден од последниот ден во кој истекува рокот за завршување на последипломските односно докторските студии; и

- Да остане на работа во Оркестарот за џез музика најмалку четири години по завршување на последипломските студии односно да остане да работи во Оркестарот за џез музика најмалку шест години по завршувањето на докторските студии. Роковите наведени во став 1 алинеја 1 на овој член, започнуваат да течат од денот на запишувањето на последипломските односно докторските студии за кои се одобрени и исплатени финансиските средства од Оркестарот за џез музика.

**ЗАВРШИ ОДРЕДБИ**

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, ____________________

Сашко Николовски

Претседател на Управен Одбор,

НУ Оркестар за џез музика на РСМ